СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 51. Седница**
**30.10.2023 година**
**Точка на дневен ред бр.3**
**ПРЕДЛОГ**

# ОДЛУКА

## за именување член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, септември 2023 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) СО бр. 02-6487/1/II-7 од 4.5.2023 година, Собранието на Банката на својата __. седница, одржана на 30.10.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

**Член 1**

За член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола со мандат од 4 (четири) години се именува:

1. **______________________________- независен член**

**Член 2**

На именувани членови на Надзорниот одбор ќе им се исплаќа месечен нето-износ од 50 000,00 денари, како надоместок за учество и работа на седниците, како и јавни давачки во согласност со закон.

На именуваниот член на Надзорниот одбор кој ќе биде избран за Претседател на Надзорниот одбор ќе му се исплаќа месечен нето-износ од 60 000,00 денари како надоместок за учество и работа на седниците, како и јавни давачки во согласност со закон.

**Член 3**

На членови на Надзорниот одбор кои живеат надвор од седиштето на Банката, односно надвор од Битола, ќе им се исплатува и надоместок во висина на трошоци за патување и сместување, по претходно приложени фактура или друга соодветна документација.

**Член 4**

Пријавата за упис на именуван член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар ја поднесува Секторот за правни работи и управување со Кабинет на Управен одбор.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила по добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

**СО бр.**
**Битола, 30.10.2023 година**

**Собрание**
**Стопанска банка а.д. Битола**
**Претседавач**

_____________________________

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно член 86 од Законот за банки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2007, 90/2009, 67/2010, 26/2013, 15/2015, 153/2015, 190/2016 и 7/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019 и 122/2021) и член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) СО бр. 02-6487/1/II-7 од 4.5.2023 година, Собранието на акционери ги именува и разрешува членовите на Надзорниот одбор на Банката.

Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола моментално работи во состав од 4 (;четири) члена, и тоа: Миле Зечевиќ, Стевчо Јолакоски, Гордана Гацева, Гордана Темелковска – Костовска и Борислав Атанасовски кој е во постапка за добивање на претходна согласноста за именување за член на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола, при што по добивање на согласноста од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија бројот на членови на Надзорниот одбор ќе биде 5 (пет). Независни членови на Надзорниот одбор се Миле Зечевиќ и Гордана Гацева.

На ден 30.8.2023 година Независниот член и претседател на Надзорниот одбор, м-р Миле Зечевиќ поднесе оставка. Оставката ја даде од лични причини поради зголемени професионални обврски во останатите работни ангажмани и истата стапува на сила со денот на комплетирање на составот на Надзорниот одбор.

Воедно, имајќи ги предвид последните измени на Статутот на Банката кои се однесуваат на намалување на бројот на членови на Надзорниот одбор од 7 (седум) на 5 (пет) члена, а со цел целосно комплетирање на составот на Надзорниот одбор на Банката и негово непречено функционирање, се предлага Собранието да изврши избор и именување на еден независен член на Надзорниот одбор.

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор

НО бр.02-13307/1/II.2-2
Битола, 26.9.2023 година

Заменик претседател
Гордана Гацева